Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-66

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на ВАЛТЕК СЕ со регитрирано седиште 18, руе Ерасме, Л-1468 Луксембург, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која ВАЛТЕК СЕ со регистрирано седиште, 18 руе Ерасме, Л-1468 Луксембург, ќе ги стекне сите акции во Валтек Мобилити ГМБХ, со регистрирано седиште Марс-штрасе 46, 80335 Минхен, Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 21.03.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на ВАЛТЕК СЕ со регистрирано седиште, 18 руе Ерасме, Л-1468 Луксембург, со која ВАЛТЕК СЕ ќе ги стекне сите акции во Валтек Мобилити ГМБХ, со регистрирано седиште Марс-штрасе 46, 80335 Минхен, Германија.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

ВАЛТЕК СЕ нуди широк спектар на услуги во ИТ секторот, вклучувајќи дигитално вмрежување на услуги и производи, техничко планирање и контрола на продажните канали, е-трговија, анализа на податоци и собирање податоци, управување со податоци, платформи за податоци и видео стриминг. ВАЛТЕК СЕ работи за клиенти во различни индустриски сектори, вклучувајќи патување, угостителство, автомобилизам, медиуми, малопродажба, здравство и финансии.

ВАЛТЕК СЕ е портфолио друштво на инвестицискиот фонд БЦ Партнерс Фанд XI (BC Partners Fund XI). БЦ Партнерс Менаџмент XI Лимитед (BC Partners Management XI Limited) ("Управителот") е примарниот управител на БЦ Партнерс Фанд XI и крајно е советуван од БЦ Партнерс ЛЛП (BC Partners LLP) ("БЦ Партнерс"), меѓународно друштво со приватен капитал основано во Лондон, чија единствена активност е да обезбедува советодавни услуги. БЦ Партнерс Фанд XI заедно со други приватни капитални фондови советувани од БЦ Партнерс (заедно "Фондовите на БЦ") имаат мнозински удели во портфолио друштвата во различни сектори, вклучително здравство, индустриски услуги и технологија. Фондовите на БЦ се чисто финансиски инвеститори, односно не се вклучени во секојдневното работење на нивните портфолио друштва. Наместо тоа, тие се управувани од независни менаџерски тимови.

ВАЛТЕК СЕ има две поврзани друштва во Северна Македонија:

- Валтек ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Столтенбергова 4, Ламела А-лево, Центар Скопје, со регистрирана дејност 62.100 - компјутерско програмирање; и

- Кин енд Карта Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Столтенбергова бр. 4, Скопје, со регистрирана дејност 62.01 - компјутерско програмирање.

Понатаму, Јунајтед Груп (United Group), која е портфолио друштво на БЦ, има три поврзани друштва во Северна Македонија:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со седиште на адреса бул. Партизански Одреди 17, 1/001, Скопје, Центар со регистрирана дејност 61.30 - Дејности на сателитска телекомуникација;

- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса бул. Партизански Одреди бр. 14, Скопје – Скопје, Центар со регистрирана дејност 61.100 - Жичени, безжични и сателитски телекомуникациски дејности; и

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса ул. Коста Веселинов, 5/1лок2, Центар, Скопје со регистрирана дејност 73.110 – Дејност на рекламни агенции.

Валтек Мобилити ГМБХ моментално е заедничко вложување помеѓу Валтек Џермани ГмбХ (Valtech Germany GmbH), поврзано друштво во целосна сопственост на ВАЛТЕК СЕ, и КАРИАД СЕ (CARIAD SE), дел од Фолксваген Груп (Volkswagen Group) ("КАРИАД"). Валтек Мобилити ГМБХ е друштво за ИТ услуги кое развива софтвер особено за примена во автомобилската индустрија. Ја генерира речиси целата своја продажба XXX[1] ја генерира со друштва кои припаѓаат на Фолксваген Груп, на која припаѓа и КАРИАД.

Валтек Мобилити ГМБХ не е активно во Северна Македонија, ниту има поврзани друштва, филијали или претставништва во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**

[1] Податоците претставуваат деловна тајна